**20252084121**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 35 став (3) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/25), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ ЗА АКРЕДИТИРАНИ ПОНУДУВАЧИ НА УСЛУГИ ЗА ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ИСКУСТВЕНО (ИНФОРМАЛНО) УЧЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на регистарот за акредитирани понудувачи на услуги за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (во натамошниот текст: валидацијата).

Член 2

Регистерот од член 1 од овој правилник, кој се води во електронска форма, содржи податоци за секоја акредитирана установа за валидација, како и податоци за квалификација за која што е добиена акредитација, и тоа:

1. Податоци за установата за валидација:

- регистерски број на установата;
- датум на упис во регистерот;
- назив на установата за валидација;
- седиште и адреса;
- телефонски број;
- адреса на е-пошта;
- директор/овластено лице;
- број и датум на издавање на решението за акредитација;
- датум на престанок на работа на установата, причина поради кој се брише од регистерот и
- записи за извршени проверки или инспекции од страна на надлежните органи.

2. Податоци за квалификацијата за која установата е акредитирана:

- регистерски број;
- датум на упис;
- назив на квалификација;
- архивски број на решение за акредитација за валидација;
- датум на акредитација за валидација;
- датум на важност на акредитацијата на установата за валидација;
- адреса на место на спроведување на валидацијата;
- име и презиме на советник вклучен во реализација на процесот на валидација;
- име и презиме на проценувач вклучен во реализација на процесот на валидација;
- број на учесници во процесот на валидација;
- пол на учесниците;
- возраст на учесниците;
- основ за бришење и
- записи за проверка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 18-12806/1
3 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.